Врз основа на член 24, член 25 и член 27 од Статутот на Друштвото за филмски работници на Македонија Скопје, Собранието на Друштвото на 09.03.2016 го донесе следниот :

ПРАВИЛНИК ЗА ЧЛЕНСТВО И ЧЛАНАРИНА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите и начинот за прием на членови, услови за избор на член, видови членови, права, обврски и одговорности на членовите, висина на чланарина, начин на плаќање на чланарина, рокот за плаќање на чланаринатa, престанок на членството и начин на повторно стекнување на членство.

Член 2

Членувањето во Друшвото е доброволно.

Основачите се членови на Друштвото со еднакви права и одговорности како и другите членови на Друштвото.

Член 3

Членовите на Друштвото ги избира Собранието на Друштвото со писмен предлог на Управниот Одбор согласно постапката на избирање уредена во овој Правилник.

Член 4

Друштвото издава членска легитимација на секој од членовите со кој се утврдува статусот на членот.

Член 5

Друштвото води Регистар_на членови и евиденција на членовите на органите кој што е јавен и се објавува на официјалната веб-страна на Друштвото www.dfrm.org.mk.

Податоците за регистарот на членовите Друштвото ги ажурира најмалку еднаш на 2 (две) години.

Друштвото ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите, кои тоа го побарале.

Личните податоци се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани податоци.

II. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 6

Членовите на Друштвото имаат право :

- да бираат и да бидат бирани во органите на здружението;
- да учествуваат во донесувањето на одлуките на Собранието на Друштвото;
- да бидат информирани за работата на Друштвото;
- да изнесува мислења и ставови за работата на органите и телата на Друштвото;
- Да поседува членска легитимација на Друштвото;

- Да ја користи правната помош што ја обезбедува Друштвото преку ангажирање на адвокат;
- Да ги користи бенефициите што ги овозможува Друштвото;
- Да има право на првенство за ангажирање во проекти на Друштвото;
- Да ја користи стручната помош што ја обезбедува Друштвото.

Член 7

Членовите на друштвото ги имаат следните обврски :

- Совесно да ја извршува својата должност во рамките на својот капацитет, секогаш во согласност со општо прифатените професионални норми и стандарди;
- Да не потпишува Договор за ангажман спротивно на Кодексот на Друштвото;
- Да се придржуваат кон одредбите на Статутот, правилниците и останатите акти на Друштвото;
- Активно да учествува во работата како и во остварувањето на целите, задачите и одлуките на Друштвото;
- Да зема_учествува во активностите кои Друштвото ги организира ;
- Редовно да ја плаќа членарината;
- Да бидат солидарни кон другите членови;
- Да придонесува кон заложбите на Друштвото за афирмација на македонскиот филм и неговите вредности;
- Да влијае на условите на производството, прометот, и прикажувањето на филмовите и да дејствува во смисла на остварување на заедничките интереси на сите сегменти на македонската кинематографија;
- Да ги поддржува и да помага во оформувањето и школувањето /едуцирањето_ на новите_кадри_од поновите генерации.

Член 8

Непочитувањето на обврските од член 7 од овој Правилник се смета за тежок прекршок на нормите на порфесионалното однесување и повлекува исклучување од членството на Друштвото.

III. ЧЛЕНСТВО

III .1. УСЛОВИ, ВИДОВИ И НАЧИН НА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО

Член 9

Членови на Друштвото може да биде секој филмски работник кој професионално и активно се занимава со филм и физичко лице кое не се занимава активно со филм, но учествува повремено во работата на филм.

Член 10

Филмски работник е секое физичко лице кое учествува во процесот на креирање на едно филмско или друго аудио-визуелно дело на било која авторска или техничка позиција, во согласност со одредбите на Статутот на Друштвото, Кодексот на професии на Друштвото и овој Правилник.

III.2. КОДЕКС НА ПРОФЕСИИ

Член 11

Член на Друштвото може да биде секој филмски работник и физичко лице кои има едно од звањата добиено врз основа на Кодексот на професии на Друштвото:

- сценарист, драматург;
- режисер,помошник на режисер, прв асистент на режисер, секретар на режисерот;
- директор на фотографија, снимател на игран филм (швенкер), снимател на краток филм, прв асистент на снимател (шарфер), втор асистент на снимател, снимател на трикови, главен осветлител (мајстор на светло), осветлител, филмски фотограф, фарист;
- сценограф, сценограф на филмската опрема, филмски архитект, асистент на сценограф, асистент на сценограф на филмска опрема, изведувач на градба (објекти), мајстор на специјални ефекти, пиротехничар (асистент на мајсторот на специјални ефекти), оружар, реквизитер набавувач, сликар на декорот, филмски декоратор, сценски работник, сценски реквизитер;
- костимограф, асистент на костимограф, гардеробер, помошник гардеробер, изведувач на костими;
- сликар на маски, маскер, помошник маскер (шминкер) перикер;
- композитор, монтажер на звук, музички соработник, изведувач на звучни ефекти;
- тонски снимател, асистент на тонски снимател;
- монтажер, асистент на монтажер;
- директор на филм, помошник директор на филм, водач на снимање, организатор, помошник организатор, секретар на филмска екипа, организатор на пласман во производната организација, продуцент и извршен продуцент;
- сценарист на анимиран филм, режисер на анимиран филм, главен цртач, главен аниматор, сценограф (сликар на позадини), фазер, колорист, копист, аниматор на филм со кукли, организатор на анимиран филм, трик - снимател, изведувач на тонски ефекти.

III.3. ВИДОВИ НА ЧЛЕНСТВА

Член 12

Членовите на Друштвото може да имаат статус на редовен член, вондреден член, почесен член и кандидат за членство.

III.3.1. РЕДОВЕН ЧЛЕН

Член 13

Редовни членови на Друштвото се филмските автори и соработници и филмските работници од член 10 од овој Правилник, кои професионално и активно се занимаваат со филмската дејност и редовно ја подмируваат годишната членарина.

Член 14

За прием во редовно членство, филмските работници се должни да достават доброволно потпишана изјава – пријава за членство, потврда за професионалниот анганжман, лична биографија (CV) и две фотографии.

RN

Член 15

Управниот одбор поднесува писмен предлог до Собранието на Друштвото кој во рок од 15 дена од приемот на писмениот предлог, со мнозинство гласови носи Одлука за прием или одбивање на прием на членот, со што навремено се известува апликантот.

Одлуката на Собранието на Друштвото е конечна без можност за жалба.

Член 16

Редовните членови ги уживаат правата и сносат обврски одговорности наведени во член 5, член 6 и член 7 од овој Правилник.

III.3.2. ВОНРЕДЕН ЧЛЕН

Член 17

Вондредни членови на Дрштвото се физичките лица кое не се занимаваат активно со филм, но учествуваат односно соработуваат повремено во работата на филм.

Член 18

За прием во вондредно членство физичките лица се должни да достават лична биографија (CV) и две фотографии.

Член 19

Управниот одбор поднесува писмен предлог до Собранието на Друштвото кој во рок од 5 дена од приемот на писмениот предлог, со мнозинство гласови носи Одлука за прием или одбивање на прием на членот, со што навремено се известува апликантот.

Одлуката на Собранието на Друштвото е конечна без можност за жалба.

Член 20

Вондредните членови на Друштвото немаат право да бираат и да бидат бирани во органите на Друштвото.

Вондредните членови имаат право да ја следат работата на Собранието и да учествуваат во работата на Собранието без право на одлучување.

Вондредните членови ги уживаат останатите права, и ги сносат обврските и одговорностите наведени во член 5, член 6 и член 7 од овој Правилник.

III.3.3. ПОЧЕСЕН ЧЛЕН

Член 21

Почесните членови можат да бидат јавни и културни работници, независно од нивното државјанство и постојано место на живеење, кои со својата работа и активност придонеле за унапредување на Македнската и Светската кинематографија.

Член 22

Правото на почесен член за исклучителен придонес во македонската и светската кинематографија се стекнува на предлог на Управниот одбор.

Управниот одбор поднесува писмен предлог до Собранието на Друштвото кој во рок од 5 дена од приемот на писмениот предлог, со мнозинство гласови носи Одлука за прием или одбивање на прием на членот, со што навремено се известува апликантот.

Одлуката на Собранието на Друштвото е конечна без можност за жалба.

Член 23

Почесните членови со приемот во Друштвото добиваат дипломи и признанија за својата активност.

Член 24

Почесните членови на Друштвото немаат право да бираат и да бидат бирани во органите на Друштвото.

Почесните членови имаат право да ја следат работата на Собранието и да учествуваат во работата на Собранието без право на одлучување.

Почесните членови ги уживаат останатите права и ги сносат обврските и одговорностите наведени во член 5, член 6 и член 7 од овој Правилник.

III.3.4. КАНДИДАТ ЗА ЧЛЕН

Член 25

Кандидат за член на Друштвото можат да бидат младите, идни филмски работници по завршувањето на школувањето во соодветните училишта и факултети, како и лицата кој ќе се докажат низ филмските дела.

Член 26

Начинот и условите за определување на кандидат за член ги уредува Собранието на Друштвото со посебна одлука.

III.4. ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО

Член 27

Членството на Друштвото може да престане на следниот начин:

- со доброволно излегување од Друштвото и враќање на членската легитимација;
- поради неплаќање на членарина;
- со исклучување поради неизвршување на правата и обврските предвидени со членство во Друштвото;
- промена на професија;
- смрт или трајна спреченост;
- разрешување со одлука на Собранието и
- престанок на Друштвото.

Член 28

Одлуката за исклучување од членство согласно чл. 27 алинеа 3 ја донесува Собранието, по предлог на Управниот одбор со мнозинство гласови, по сопствен предлог или по предлог на Судот на честа на Друштвото.

III.5. ПОВТОРНО СТЕКНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВО

Член 29

Согласно Статутот на Друштвото, постои можност за повторно стекнување на членство кое престанало поради неплаќање на членарина.

За повторно стекнување на членство потребно е да се достави молба до Управниот одбор на Друштвото во рок од 15 дена од денот на исклучувањето.

Управниот одбор може да го задолжи исклучениот член да ги намири претходно заостанатите членарини или да го ослободи од плаќање поради оправдани причини кои детално ќе ги наведе во својата Одлука.

IV. ЧЛАНАРИНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 30

Месечната членарина , износот и начинот на плаќање се утврдува со Одлука донесена од страна на Управниот одбор на почетокот на секоја година.

Износот на членаринаата може да биде различна во зависност од статусот на членовите.

Одредени членови може да бидат ослободени од плаќање на членарини од оправдани причини со одлука на Управниот одбор.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Член 32

Постапката за измена и дополнување на овој Правилник е иста како постапката за негово донесување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО,
Роберт Насков

_____